УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

KAMFART® крем
(20+10+10+10) mg/g крем
камфор, метил салицилат, бензил никотинат, ментол

Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.

- *Овој лек може да го купите и без лекарски рецепт. Потребно е да се придржувате кон препораките во ова упатство, како би со примената на лекот добиле најдобри резултати.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако се јави сериозно несакано дејство или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, веднаш кажете му на Вашиот доктор или фармацевт.*

Упатството содржи:

1. Што претставува KAMFART® и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот KAMFART®
3. Како да го употребувате лекот KAMFART®
4. Можни несакани дејства
5.Како да го чувате лекот KAMFART®
6.Други информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА KAMFART® крем И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Kamfart® крем содржи четири познати активни супстанции од групата на локални надразнувачки агенси (рубифациенси). По продирањето во кожата и поткожното ткиво овие активни супстанции многу брзо доведуваат до ширење на крвните садови и зголемување на протокот на крв во третираниот дел, што предизвикува локален пораст на температурата и пецкање проследено со пријатно чувство на ладење. Појавените сензации доведуваат до блокирање на преносот на болните нервни импулси од подлабоките слоеви на мускуло-коскените структури и до олеснување на болката.

Метил салицилат како и другите салицилати има против-воспалително, аналгетско (против болка) и антипиретичко (ја намалува температурата) дејство.

Активните супстанции присутни во составот на Kamfart® крем фармаколошки се дополнуваат и во препаратот се застапени во пониска концентрација од нивните максимални препорачани концентрации.

Kamfart® крем се употребува во следните случаи:

- Хронична дегенеративна ревматска болест;
- Лумбаго, ишијас; болна фибромијалгија,невритис (воспаление на нервите), невралгија (болка по должината на нервите);
- Болки поради сраслини на плеврата;
- Лесни спортски повреди кои не се асоцирани со оштетување на кожата (исчашување, истегнување, нагмечување, болка во мускулите и сл.).

2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ KAMFART® крем ?

Предупредете го Вашиот доктор ако земате други лекови, имате некоја хронична болест, нарушување на метаболизмот, ако сте преосетливи на некои лекови или сте имале алергиска реакција на некој лек.

Немојте да употребувате KAMFART® ако:

- сте алергични (преосетливи) на некоја од активните супстанции (камфор, метил салицилат, бензил никотинат или ментол) или било која од помошните состојки на лекот KAMFART® крем;
- имате алергија на аспирин и други салицилати;
- имате чувствителна кожа (со склоност кон екцеми).
- сте бремена или доите;
- имате отворени повреди и оштетена кожа;
- имате акутни воспалителни процеси на кожата и вените (венски улцерации);
- кај деца на возраст под 12 години;

Ако не сте сигурни дали треба да започнете лекување со KAMFART® крем, кажете му на Вашиот доктор.

Употребувајте го лекот KAMFART® со посебни мерки на претпазливост во следните случаи:

- Кремот Kamfart® треба да се користи само според приложеното упатство и треба да се нанесува само надворешно, на кожа;
- Не смеете да го нанесувате лекот на оштететна кожа, слузници, во носот;
- Треба да се одбегнува контакт на лекот со очите;
- На местото на нанесување не смеете да ставате топли облоги, ниту да го применувате лекот кога е кожата загреана после физичка активност или висока надворешна температура;
- После примената на лекот не се изложувајте на сонце поради можна фотосензитивност;

- После нанесување на кремот рацете добро да се измијат со вода и сапун.
- Кремот Kamfart® треба да го користите само според приложеното упатство бидејќи во спротивно може да дојде до појава на изразени несакани дејства лекот. Ризикот од предозирање со Kamfart® крем е многу мал, особено доколку обратите внимание на контраиндикациите за употреба и мерките на претпазливост и предупредување.

Употреба на други лекови

Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт, ако земате хербални производи или додатоци во исхраната.

Посебно информирајте го Вашиот доктор ако истовремено земате некој од следните лекови:

- Лекови за намалување на крвниот притисок (антихипертензивни лекови) и лекови за третман на депресија (антидепресиви) бидејќи тие можат да стапат во интеракции со камфор и ментол;
- Лекови кои се користат за спречување на згрушување на крвта (антикоагулантни лекови) бидејќи при истовремена примена со метилсалицилат може да дојде до нивни зголемен ефект и продолжување на времето на крварење. Истовремената употреба со варфарин може да резултира со појава на крварење.

Употреба со храна и пијалоци

Лекот може да се употребува со или без храна. Храната не влијае врз ефектот на лекот.

Бременост и доење

Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек. Ако сте бремени или мислите дека сте бремени, информирајте го Вашиот доктор.

Kamfart® кремот не смее да се применува за време на бременост и доење. Активните компоненти на лекот, камфор и метил салицилат поминуваат преку плацентата и може да го оштетат плодот.

Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини

KAMFART® крем нема влијание врз способноста за управување на автомобил или работа со машини.

3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ KAMFART® крем

Строго придржувајте се кон упатствата за употреба на лекот.
Ако мислите дека лекот ви делува премногу слабо или премногу јако, посоветувајте се со доктор или фармацевт.

Како да го употребувате KAMFART® крем?
Kamfart® во форма на крем треба да го применувате исклучиво надворешно на неоштетена кожа.

Дозирање
Kamfart® крем е наменет за употреба кај возрасни пациенти и деца на возраст над 12 години. Лекот треба лесно да се размачка со благо нанесување во еден слој на заболеното место на кожата, 3-4 пати на ден. Кремот се нанесува на најмногу 2 заболени места, а површината на која се нанесува не смее да биде поголема од 2 дланки.
Кремот не смее да се нанесува на слузници, очи, оштетена или воспалена кожа. Намачканите површини не смее да се загреваат ниту да се стават топли облоги.
После нанесувањето на кремот рацете треба добро да ги измиете со сапун и вода.
Лекот не смеете да го употребувате подолго од 7-8 дена без повторно да се обратите за совет и преглед кај Вашиот доктор.

Ако сте зеле поголема доза од лекот отколку што е потребно:
Ако сте зеле поголема доза од лекот отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.
Потенцијална опасност на локална примена на метил салицилат е појава на силна иритација, алергиски контактен дерматитис (воспаление на кожата) и анафилактичка реакција (реакција на преосетливост).
Во случај на голтање на лекот или примена во носот или на други слузници, посебно кај деца можат да настапат токсични реакции. Симптоми на труење се: гадење, повраќање, главоболка, остри болки, тресење на мускулите, грчеви, делириум, депресија на централниот нервен систем и кома. Поради присуството на камфор се јавува отежнато дишење и појава на карактеристичен мирис, а може да се јави и неможност за мокрење.
Во ваков случај веднаш обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт или во најблиската здравствена установа.

Ако сте заборавиле да земете KAMFART®:
Ако сте заборавиле да земете една или повеќе дози на лекот, контактирајте го вашиот доктор. Ако се наближува времето за земање на следната доза, изоставете ја пропуштената доза.
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

Ако нагло престанете да го земате лекот KAMFART®:
Нагол прекин на земањето на лекот нема да има штетни последици по Вашиот организам.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ KAMFART® крем

Како и сите лекови, KAMFART® крем може да предизвика несакани дејства. Не се вознемирувајте поради оваа листа на несакани дејства бидејќи тие не се јавуваат кај сите пациенти.

При почитување на препорачаното дозирање и начин на примена, несаканите дејства се јавуваат ретко. Ретко може да се јави локално надразнување на кожата, особено кај особи со осетлива кожа или кои се преосетливи на аспирин или други салицилати.
Примена на кремот на голема површина на кожата или загревање на намачканата површина може да предизвика појава на системски несакани дејства како што се зуење во ушите, гадење, повраќање. Кај некои лица ментолот може да доведе до појава на реакција на пречувствителност вклучително и алергиски контактен дерматитис.
KAMFART® кремот не треба да се применува кај деца помлади од 12 години бидејќи и минимална количина на кремот која содржи камфор особено на слузницата на носот, може да предизвика колапс и кома.

Ако забележите било какви знаци кои би можеле да бидат несакано дејство на KAMFART® крем, а не се опишани во ова упатство, веднаш известете го Вашиот доктор или фармацевт.

5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ KAMFART® крем

Да се чува на температура до 25°C.
Лекот да се чува на места недостапни за децата !

Рок на употреба
5 години.
Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Истекот на датумот на употреба е до последниот ден од месецот што е наведен на пакувањето.

6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи лекот KAMFART® крем
Активни супстанции:
Еден грам крем ги содржи следните активни супстанции: камфор (20,0 mg), метилсалицилат (10,0 mg), бензил никотинат (10,0 mg), ментол (10,0 mg)

Помошни супстанции

- Парафинско масло;
- Емулгатор Е2155
- Бел восок
- Цетил палмитат
- Масло од борови иглички
- Дестилирана вода.

Како изгледа лекот KAMFART® крем и содржина на пакувањето
Крем со бела боја, хомоген и со карактеристичен мирис.
Алуминиумска туба (со 40 g крем) со капаче од пропилен и полиетилен.

Производител и носител на одобрението за промет

Производител: Bosnalijek d.d., Јукичева 53, Сараево, Босна и Херцеговина.

Носител на одобрението за промет: Претставништво БОСНАЛИЈЕК Д.Д., во Р.Македонија, Бул.Партизански Одреди 101,1000 Скопје, Р.Македонија

Ако сакате и други информации во врска со овој лек, Ве молиме контактирајте го носителот на одобрението за промет во Република Македонија на следните телефони: 02 30 90 255.

Начин на издавање
Лекот може да се издава во аптека и без рецепт.

Број и датум на решението за ставање на лекот во промет:

Датум на последна ревизија на внатрешното упатство:
Октомври 2014 година.